**Јавен повик за обучувач/ка за одржување на обуки наменети за изборна едукација и мониторинг на избори**

1. Опис на проектот

Проектот „Моја иднина, мој избор - зајакнати жени и девојки за транспарентни и инклузивни локални избори 2025 " има за цел да го зголеми учеството на жените во изборните процеси преку обуки, изборен мониторинг и јавна кампања. Преку стекнување знаења и практични вештини, жените и девојките ќе се зајакнат како активни граѓанки кои придонесуваат за транспарентни и инклузивни избори.
Очекуваните резултати вклучуваат: зголемена излезност на младите жени, подобрени капацитети за изборен мониторинг, зајакнат граѓански активизам.

Проектот е поддржан од Граѓански ресурсен центар во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија.

2. Опис на работини задачи и испорачани услуги:

Обучувачот/ката треба да подготви и испорача пет еднодневни обуки во Скопје, наменети за зајакнување на капацитетите и знаењата на жени и девојки за изборна едукација и мониторинг на избори. Првиот сет од три обуки ќе биде посветен на основите на изборниот систем во Република Северна Македонија, граѓанските и изборни права, препознавање на нерегуларности и улогата на граѓанските набљудувачи. Вториот сет од две обуки ќе опфати специјализирана подготовка за мониторинг на изборниот ден, вклучувајќи постапки, документација, пополнување на обрасци и комуникација со изборните тела. Обуките треба да бидат дизајнирани на интерактивен начин, со комбинирање на теоретски дел и практични вежби, со цел учесничките да стекнат конкретни знаења и вештини за активно и одговорно учество во изборните процеси. Преку работата на реални сценарија и симулации, учесничките ќе бидат подготвени да препознаат изборни неправилности, да известуваат професионално и да придонесат кон транспарентни и инклузивни избори.

Првиот сет обуки ( 3 дена ) треба да ги опфати следниве теми:

- Основи на изборниот систем во Република Северна Македонија: видови избори, улога на институциите и тек на изборниот процес;
- Граѓански и изборни права: правото на глас, информирано и слободно изразување на изборната волја;
- Препознавање на нерегуларности: видови изборни злоупотреби (притисоци, поткуп, злоупотреба на јавни ресурси), начини на нивно пријавување;
- Основи на изборен мониторинг: улога на граѓанските набљудувачи, етички стандарди и основи на известување.

„Моја иднина, мој избор: Зајакнати жени и девојки за транспарентни и инклузивни локални избори"е проект спроведуван од Сојуз-Национален совет за родова рамноправност. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.

Вториот сет обуки ( 2 дена) е специјализирана обука за мониторинг на изборен ден: постапки, документација, комуникација со изборните тела итн.

Цели на обуката:

- Да се зајакнат знаењата и капацитетите на жените и девојките за изборниот систем во Република Северна Македонија и нивните граѓански и изборни права.
- Да се поттикне активно и информирано учество на жените и девојките во изборните процеси.
- Да се развијат практични вештини за препознавање и пријавување на изборни нерегуларности.
- Да се обезбедат знаења и алатки за квалитетен изборен мониторинг и професионално известување.
- Да се зголеми бројот жени и девојки кои активно придонесуваат за транспарентни, инклузивни и демократски избори.

*Планиран број на учеснички изнесува 20-25.

3. Специфични активности и резултати:

Обучувачот/ката треба да ги реализира следниве активности:

- Развивање на програма за обуката;
- Да подготви презентации и вежби што ќе ги сподели со проектниот тим пред имплементација на обуката;
- Да ја имплементира обуката;
- Да развие методологија за оценка на обуката;
- По спроведената обука да подготвни и поднесе извештај најдоцна 7 работни дена по завршување на истата.

4. Времетраење и период на спроведување на активностите

За овој ангажман се предвидени пет работни дена. Обуката ќе се реализира во текот месеците септември и прва половина на октомври 2025 година.

5. Критериуми за избор

- Завршено високо образование во област на правни, политички или општествени науки;
- Постдипломски и докторски студии ќе се сметаат за предност;

„Моја иднина, мој избор: Зајакнати жени и девојки за транспарентни и инклузивни локални избори“е проект спроведуван од Сојуз-Национален совет за родова рамноправност. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2” финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.

- Најмалку 10 години релевантно работно искуство во областа на избори, изборни процеси и/или мониторинг;
- Докажано искуство во држење обуки и работа со групи;
- Одлични комуникациски и презентациски вештини;
- Способност за работење со кратки рокови и навремено испорачување на услуги.

6. Пријавување и избор

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

- Професионално ЦВ;
- Писмо за искажување на интерес;
- Предлог методологија;
- Финансиска понуда, која вклучува надоместок по ден во бруто износ изразена во македонски денари, со вклучен персонален данок на доход.

Пријавите треба да се достават најдоцна до 29.08 на е-пошта: teazografska@gmail.com и sozm@t.mk со предмет: Апликација за обучувач/ка за тренинг за изборна едукација и мониторинг на избори.

Апликациите доставени по рокот и со нецелосна документација нема да се разгледуваат.

„Моја иднина, мој избор: Зајакнати жени и девојки за транспарентни и инклузивни локални избори“е проект спроведуван од Сојуз-Национален совет за родова рамноправност. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2” финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.